Бр/Nr. 08-9942/1
Скопје/Shkup 15-09-2025 година/viti

Врз основа на член 27 од Статутот на Јавно претпријатие за државни патишта, а во согласност со Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019, 87/2021 и 14/2025), ВД Директорот на Јавно претпријатие за државни патишта, во понатамошниот текст ЈПДП, донесе:

**ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА**
**за управување со набавките под вредносните прагови**

**1. Општи одредби**

1.1. Со оваа процедура се уредува начинот на постапување за набавки за кои не се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки (во натамошниот текст: Законот) и подзаконските акти.

1.2. Оваа интерна процедура ќе се спроведува, согласно член 40 став 1 од Законот за набавки, чија проценета вредност без ДДВ е ***помала од вредносните прагови*,**

**2. Начин на спроведување на набавката**

2.1. Раководното лице на Носителот на планирање[1] од каде произлегува потребата од набавка поврзана со делокругот на работењето, а чија проценета вредност без ДДВ е помала од вредносните прагови утврдени во Законот, поднесува ***Барање за спроведување на набавка*** ***(Образец 1)***.

2.2. Барањето за спроведување на набавка под вредносните прагови се поднесува до Секторот за јавни набавки, преку архивата на ЈПДП, за потврдување на оправданоста и исполнетоста на условите за набавка под вредносните прагови, во рамките на предвидениот праг на месечно, односно на годишно ниво.

2.3. Збирот на набавките не може да надмине 1.000 евра без ДДВ во денарска противвредност на месечно ниво, а набавка за потреба од иста природа не може да го надмине износот од 1.000 евра без ДДВ во денарска противвредност на годишно ниво. Задолженото лице од Секторот за јавни набавки ја потврдува исполнетоста на условите за спроведување набавката со ***Потврда за исполнетост на условите за набавка*** ***(Образец 2)***.

2.4. Набавката под вредносните прагови се спроведува од Носителот на планирање во согласност со оваа процедура, со доследна примена на начелата на економичност, ефикасност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори, како и сразмерност.

2.5. Набавката со износ над 6.000 денари без ДДВ, се спроведува од Носителот на планирање со прибирање на најмалку три понуди обезбедени во хартиена форма или

[1] Сектор/самостојно одделение во рамки на организациска поставеност на ЈПДП


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

преку електронска пошта, со обврска истите да се архивираат заедно со изготвената ранг листа, врз основа на која ќе се избере понуда со најниска цена и ќе се изврши набавката.

2.6. Во согласност со Законот за платниот промет, плаќањето во готово по претходно одбрување од задолженото лице не може да надмине износ од 6.000 денари без ДДВ, а се извршува со приложување на фискална сметка и сметкопотврда.

2.7. По спроведување на набавката од Носителот на планирање, се доставува документацијата за плаќање до Секторот за финансии за исплата, во прилог со **_Потврда за спроведена набавка_** **(Образец 3)** дека набавката е спроведена согласно барањето, по претходно извршен квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавка.

2.8. Оригиналната документација за плаќање се предава во Сектор за финансии за исплата и книжење, додека копии задржуваат Носителот на планирање и задолженото лице од Секторот за јавни набаваки.

2.9 Во исклучителни ситуации, во случај на направени трошоци за службени потреби кои имаат непредвидлив и итен карактер и за кои не постои можност од примена на оваа процедура, лицето кое ги направило трошоците има право на надомест во висина од максимум 3.000 денари, а по претходно доставен допис со детално образложение за потребата и оправданоста на истите до секторот за финансии. Одобрување за таквите трошоци дава одговорното лице.

## 3. Евиденција на набавките под вредносните прагови

3.1. По спроведување на набавката и комплетирање на целокупната документација, задолженото лице ја евидентира набаваката, согласно член Член 40 став (5) од Законот за јавните набавки.

3.2. Секторот за јавни набавки е должен да води посебна евиденција за спроведени набавки под вредносните прагови во согласност со оваа процедура на месечно, квартално и годишно ниво, со цел истите да не го надминат месечниот праг од 1.000 евра без ДДВ во денарска противвредност, односно годишниот праг од 12.000 евра без ДДВ во денарска противвредност за тековната година.

## 4. Завршни одредби

22.1 Оваа процедура стапува на сила со денот на нејзиното донесување. Со донесувањето на оваа процедура престанува да важи процедурата бр. 08-10136/1 од 24.09.2024 година.

ВД Директор

Коце Трајановски

Изготвил: м-р Ангелина Мацовска
Контролирал: Оливера Стефановска
м-р Жаклина С. Богдановска
Одобрил: м-р Анета Стевковска
д-р Златко Алексов


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

**Образец 1.** Барање до Сектор за јавни набавки за набавка под вредносните прагови

1. Носителот на планирање[2] _______________ има потреба од набавка на:
___________________________________________________________________________________________
__________ *(се наведува видот/описот на предметот и потребната количина)*

2. Набавката *(е од итен карактер)/(не е од итен карактер)*, односно, треба да се реализира во тековниот месец.

3. Образложение за потребата:

________________________________________________________________________________

4. Проценета вредност на набавката без ДДВ изнесува____________, процент и износ на ДДВ ______________.

5. Начин на плаќање *(да се заокружи еден од начините на плаќање)*:

- со фактура (*плаќање по испорака/извршување/изведба*) или
- со фискална сметка и сметкопотврда (*готовинско плаќање*).

Раководно лице на Носителот на планирање

__________________

[2] Сектори или самостојно одделение во рамки на организациона поставеност на ЈПДП


**Јавно претпријатие за државни патишта**
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

**Образец 2**. Потврда за исполнетост на условите за набавка

Задолженото лице од Секторот за јавни набавки потврдува дека **се исполнети/не се исполнети** условите за набавка под вредносните прагови во однос на Барањето за набавка доставено од Носителот на планирање ______________________ ***(Сектор/самостојно одделение)*** со архивски бр. ____________________, на ден ____________ .

Задолжено лице

_________________________


**Јавно претпријатие за државни патишта**
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

**Образец 3**. Потврда за спроведена набавка

Се потврдува оправданоста за исплата по Барањето за набавка доставено од Носителот на планирање ________________ со архивски бр. ___________________, во износ од _______________ денари без ДДВ на ден ______________ .

Раководно лице на Носител на планирање

_____________________


**Јавно претпријатие за државни патишта**
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/